# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## КОАЛИЦИЈА НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ “СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ” ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2010

Коалицијата на здруженија на граѓани “Сите за правично судење” е мрежа на 17 здруженија на граѓани кои имаат заедничка мисија: *“Следење на почитувањето на човековите права и слободи посебно на меѓународните стандарди за правично судење преку разни форми на делување во настојувањето да се зголеми нивото на нивното имплементирање, да се иницираат институционални и правни реформи како и да се врати довербата на граѓаните во судството и другите институции на системот”.*

## ГОДИШНО СОБРАНИЕ

На 09.10.2010 се одржа редовно годишно собрание на Коалицијата “Сите за правично судење”. Годишното собрание се одржа во Кавадарци и на него беа усвоени годишната програма како и финансискиот извештај со завршната сметка за 2009 година. На самото собрание беше овластен претседателот на Коалицијата, Петре Мркев да ги преземе потребните дејствија за пререгистрација согласно новиот Закон за здруженија и фондации.





# СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ

Во период 09.10-10.10.2010 се одржа дводневна сесија за стратешко планирање водена од страна на Зоран Стефановски од Центарот за Институционален развој –ЦИР-а. Стратешкото планирање се одржа во Кавадарци и на него членките на Коалицијата спроведоа ревидирање на Стратешкиот план 2004-2009 и ги утврдија рамките за Стратешкиот план 2010-2015 година.







**ПРЕРЕГИСТРАЦИЈА НА КОАЛИЦИЈАТА СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ**

Врз основ на одредбите на новиот Закон за здруженија и фондации (*Сл.весник на РМ бр.52/2010)* Коалицијата Сите за правично судење изврши пререгистрација во ноември 2010 година. Пријавата за пререгистрација беше доставена на 10.11.2010 до Централен Регистар на РМ, а решението за пререгистрација е донесено на 17.11.2010.

## Регионална обука за развој и менаџирање на проекти од ЕУ

Регионалната обука за развој и менаџирање на проекти од ЕУ беше организирана од TACSO и се одржа од 22 до 25 март 2010 во Истанбул на која присуствуваше Програмскиот директор на Коалиција Сите за правично судење, М-р Славица Димитриевска.Втор дел од обуката се одржа од 25 до 28 април во Загреб, Р.Хрватска.







## НАЦИОНАЛНА КАНЦЕЛАРИЈА НА

## КОАЛИЦИЈАТА СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ

- ***ПРОЕКТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА СУДСКИ ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ***

Проектот за следење на судски предмети од областа на трговија со луѓе поддржан од страна на Американската амбасада, се имплементираше во периодот септември 2009 година до април 2010 година.

По идентификација на предметите од областа на трговија со луѓе и илегална миграција, се отпочна со нивно набљудување пред Основниот суд Скопје 1. Во текот на 2009 година, проектиот координатор го следеше јавното објавување на пресудите на интернет страните на основните судови. Пресудите се однесуваа на кривичните дела „трговија со луѓе“, „криумчарење на мигранти“ и „посредување во вршење проституција“.

Во рамки на проектот беа набљудувани 18 предмети, и тоа:

- Трговија со луѓе - 2 предмета
- Криумчарење на мигранти - 9 предмети
- Организирана форма на криумчарење на мигранти - 4 предмети, и
- Посредување во вршење на проституција - 3 предмети

Во однос на набљудуваните 18 предмети, набљудувачките тимови на Коалицијата присуствуваа на 51 рочиште а постапка беше водена спрема 53 обвинети лица.

**Организација на работилница на Академијата за обука на судии и јавни обвинители**

Со цел да се промовираат информациите кои беа собрани во текот на истражувањето и воедно презентираат пред стручната јавност, во период од 13.04.2009 година до 15.04.2009 година на Академијата за обука на судии и јавни обвинители беше одржана работилница од страна на Меѓународната организација за миграции (ИОМ), на која беше поканет и проектниот координатор на проектот за следење на судски предмети од областа на трговија со луѓе.

На обуката насловена како ‘‘Техничка помош за подобрување на капацитетите на релевантните органи во борбата со организираниот криминал, со фокус на трговија со луѓе‘‘ , учествуваа 32 претставника од Јавното обвинителство, полициски инспектори како и претставници од Министерството за правда.

Со оглед на профилот на присутните, презентацијата на Коалицијата беше фокусирана на идентификување на доказите кои е потребно да бидат приложени во кривичната пријава, на разликите помеѓу сведочењето на обвинетите лица и на оштетените како и на разликите во

обележјата на кривичните дела „трговија со луѓе“ и „посредување во вршење на проституција“.

**Организирање на прес конференција/ информирање на јавноста**

На 23 април 2010 година беше организирана прес конфренција на која се презентираа заклучоците и препораките кои произлегоа од истражувањето. Истовремено до сите медиумски куќи во земјата беше испратено соопштение до јавноста во кое беа изнесени главните наоди од имплементацијата на проектот. Соопштението беше објавено пред се во печатените медиуми.



# НАБЉУДУВАЊЕ НА СУДСКИТЕ СЛУЧАИ ВО КОИ НОВИНАРИТЕ СЕ ОБВИНЕТИ ЗА КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА КЛЕВЕТА И НАВРЕДА

Главната проектна активност во рамките на овој проект е набљудување на судските случаи во кои новинарите се обвинети за кривичните дела клевета и навреда пред домашните судови во Република Македонија и нивото на почитување на меѓународните стандарди за фер и правично судење (член 6 од Европската Конвенција за човекови права), и слобода на изразување (член 10 од Европската Конвенција). Со имплементација на проектот се започна во октомври 2010 година и истата ќе трае до крајот на септември 2011 година. Проектот е финансиски поддржан од Фондацијата Институт Отворено Општество – Македонија и Мрежната програма за медиуми – Лондон.

Во периодот октомври – ноември 2010 година се пристапи кон идентификација на кривичните предмети пред домашните судови. За таа цел до сите 26 основни судови во Република Македонија беа пратени писма за добивање информации за тековните предмети. Во период октомври-декември 2010 година беа набљудувани 45 предмети за кривични дела Клевета и навреда против новинари.

За потребите на набљудувањето, на почетокот од проектот Коалицијата организираше обука на нови набљудувачи.

Со оглед на фактот дека главната цел на проектот е да направи споредба на сегашната состојба со таа од 2006 година, согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, во ноември 2010 година беше пратено барање до Министерството за правда за добивање статистички податоци за кривичните дела клевета и навреда против новинарите.

# ПРОГРАМА ЗА НАБЉУДУВАЊЕ НА СУДСКИТЕ ПРЕДМЕТИ ВО ВРСКА СО КОРУПЦИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА- 2010 ГОДИНА

Целта на проектот е да ја зголеми свеста кај професионалната но и пошироката јавност за начинот на кој судството се справува со корупцијата.

Директно засегнати се државните институции, посебно оние кои се тесно поврзани со владеење на правото а пред се корупцијата.

Во текот на 2010 година проектот набљудуваше 154 кривични предмети од кои најголем број за кривичните дела „злоупотреба на службената положба и овластувања“ и „измама“. Беа спроведени интервјуа со 18 судии од Велес, Битола, Струмица, Штип и Кочани а воедно беше организирана и работилница на тема „Борбата против организираниот криминал и корупцијата, компаративен преглед Р.Хрватска- Р.Македонија“ на која гостуваше обвинител од Р. Хрватска, г-дин Драган Новосел како и локални експерти како: претставник од

Министертсвото за правда, г-а Мојсова, претставник од Државната комисија за борба против корупцијата, г-дин Мојсоски, претставник од Јавното обвинителство, г-дин Илиевски и претставник од Апелацискиот суд во Скопје, судија Наумова.






Како финален производ на проектот е аналитичкиот извештај кој ќе биде објавен во текот на месец февруари 2011 година.

Проектот беше финансиски поддржан од страна на Американската амбасада во Скопје и амбасадата на Кралството Холандија во Република Македонија.

## ПРОЦЕНКА НА СУДСКИТЕ РЕФОРМИ И ЕФИКАСНОСТА НА СУДСКОТО ПОСТАПУВАЊЕ

Целта на проектот е да ја зајакне независноста, ефикасноста и објективноста на судството во Република Македонија како и да придонесе во правилна имплементација на судските реформи дефинирани со стратешките документи за евроинтеграција на земјата.

Активности кои се реализираа во текот на 2010 година беа: набљудувањето на судските постапки со посебен осврт на стандардите за фер и правично судење согласно чл. 6 од Европската конвенција за човекови права, организација на една работилница која ќе се одржи во текот на јануари 2011 година каде гостин предавач ќе биде хрватскиот судија од Врховниот суд, судија Драго Кос а во процес е и изготовката на аналитичкиот извештај кој за основа ги има собраните информации и податоци од реализираните набљудувања.



КОАЛИЦИЈА KOALICIONI KOALICIJA
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE



Овој проект воедно поддржа и организација на стратешко планирање на Коалицијата Сите за правично судење за периодот 2010-2015 година кое се одржа во Кавадарци на 9 и 10 октомври 2010 година.

Проектот беше финансиски поддржан од страна на Civil Rights Defenders (поранешен Шведски хелсиншки комитет).

## ЈАВНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО СУДСКИТЕ ПОСТАПКИ ОД ОБЛАСТА НА ИЗБОРНИТЕ НЕРЕГУЛАРНОСТИ

Во извештајот за проектот „Следење на институционалниот одговор против изборните нерегуларности“, покрај преглед на законската рамка, постапките за реализација на активното и пасивното избирачко право како и легислативата за спроведување на кампања и избори, направена е анализа и на улогите на институциите на државниот апарат во справувањето со изборните нерегуларности во Република Македонија. Во истиот извештај направена е анализа и на постапувањето на институциите однсно казнено-правниот одговор кон кривичните и прекршочните дела сторени на изборите во јуни 2008 година и локалните и претседателски избори во 2009 година.

Со оглед на должината на траењето на повеќето кривични предмети кои се однесуваа на изборните нерегуларности од изборите одржани во јуни 2008 година како и отсуството на обвиненија за кривични дела сторени во текот на изборите 2009 година, Коалицијата „Сите за правично судење“ го имплементираше проектот „Јавност и транспарентност во судските постапки од областа на изборните нерегуларности“

КОАЛИЦИЈА
KOALICIONI
KOALICIJA
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE

Во рамките на овој проект беа реализирани повеќе активности со цел добивање јасна слика за процесите на откривање, гонење, докажување, постапување и санкционирање на сторителите на кривични и прекршочни дела поврзани со изборниот процес.

Во фокусот на проектот се наоѓаа судските рочишта за кривични дела од областа на изборите набљудувани од страна на мрежата набљудувачи на Коалицијата „Сите за правично судење“.

Во текот на февруари и март 2010 година беа опфатени интервјуата спроведени со 7 судии (од основните судови во Скопје, Тетово и Гостивар). Ставовите и коментарите на судиите опфатени со интервјуата беа од голема помош при формулирањето на забелешките и препораките опфатени во овој финален извештај.

На 29.04.2010 се одржа тркалезна маса на проектот „Јавност и транспарентност во судските постапки од областа на изборните нерегуларности.”

На 30.04.2010 се одржа прес конференција на која се промовираше Финалниот извештај за овој проект.

Проектот „Јавност и транспарентност во судските постапки од областа на изборните нерегуларности” беше финансиски поддржан од страна на набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје и Фондацијата Институт Отворено Општество – Македонија.



# Проект за поддршка на човековите права

Во континуитет Проектот за поддршка на човековите права се спроведува од 2004 година , а во 2010 година беше финансиски поддржан од Европската Унија,Фондот за жртви на тортура на ОН како и Институтот Отворено Општество од Будимпешта. Овој проект Коалицијата Сите за правично судење го реализираше во партнерство со Форум за правата на Ромите Арка од Куманово, Центар за граѓанска иницијатива од Прилеп, Избор од Струмица и Центар за демократски развој од Тетово. Основната цел на проектот е обезбедување на еднаков пристап до правдата на потенцијални жртви од полициска злоупотреба или тортура преку обезбедување на бесплатна правна помош. Во давањето на бесплатна правна помош на малолетни лица кои се потенцијални жртви на тортура во 2010 Проектот соработуваше и со Првата детска амбасада во светот Меѓаши.

Во рамките на овој проект на подрачјето на цела Република Македонија беше дадена правна помош на 31 новорегистриран случај на полициска злоупотреба, притоа се следеа 12 активни предмети од 2009 година, а во 2010 година беше ангажиран адвокат за бесплатна правна помош во 3 судски случаи ( 2 случаи за малтретирање во вршење на службата и еден случај за нанесување на тешка телесна повреда). За судските случаи Коалицијата соработуваше со Асоцијацијата за правата на Ромите од Штип која е една од членките на нашата мрежа.

Во склоп на проектните активности освен овозможувањето на бесплатна правна помош, се одржаа две обуки за полициски службеници како и две обуки за затворски службеници и се изврши посета на полициските станици Карпош и Гази Баба како и затворот во Скопје и Казнено-поправниот дом во Штип.





КОАЛИЦИЈА
KOALICIONI
KOALICIJA
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE






На 24.02.2010 година беше презентиран Годишниот извештај на проектот за 2009 година насловен како *"Ефикасност во заштитата на човековите права при пречекорување на полициските овластувања"*. Кон крајот на 2010 година беше подготвен и Годишен извештај за 2010 година на тема " Механизми за заштита на човековите права во случаи на пречекорување на полициските овластувања".

На 25.06.2010 се организираше и Конференција по повод Меѓународниот ден за заштита на жртви од тортура на која учествуваа Народниот правобранител на РМ,г-дин Иџет Мемети,г-ѓа Лидија Гаврилоска –директор на Управата за извршување на санкции,г-дин Дитер Тил- претставник на ЕУ, г-дин Шелдон Јет –претставник на ООН, Ѓорѓи Јовановски –претставник на информативната канцеларија на Совет на Европа во Скопје,Татјана Калајџиска –претставник од Секторот за внатрешна контрола на МВР и Тони Менкиноски од Хелсиншкиот комитет за човекови права.



KOALICIONI КОАЛИЦИЈА KOALICIJA
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE

Од 23 до 28.05.2010 беше организирана студиска посета во Северна Ирска,Белфаст во делот на полиција и правда. Од страна на проектот за поддршка на човековите права учествуваше г-ѓа Аница Томшиќ Стојковска-извршен директор на Коалицијата Сите за правично судење. При посетата се оствария средби со полицискиот омбудсман на С.Ирска,претставници од полицијата ,малолетничкиот затвор во Белфаст како и други претставници од секторот полиција и правда.




